Radicalisation Awareness Network
RAN Practitioners



**РАН на Западен Балкан**

**ЗАВРШЕН ТРУД**
*РАН на Западен Балкан - Регионален состанок со мал обем*
*16 јуни 2022 година, онлајн*

# Радикализацијата преку интернет и пристапите за С/СНЕ на Западен Балкан

## Клучни исходи

Технолошките напредоци отворија нови канали за екстремистичките организации да ги шират своите пораки и да придобијат поддршка за своите политички цели. Оваа тенденција се забележува и на Западен Балкан (ЗБ). Освен што ја поедноставија комуникацијата помеѓу поединците, социјалните мрежи исто така им олеснија на гласовите на омраза да шират екстремистички гледишта. Екстремистичките организации ја имаат усовршено употребата на интернетот за да ги шират своите радикални идеологии и да најдат поддржувачи за својата кауза. ([1]).

Оваа работилница со мал обем на РАН на ЗБ ги спои експертите и практичарите на спречувањето и спротивставувањето на насилниот екстремизам (С/СНЕ) од ЗБ и од ЕУ, вклучувајќи граѓански организации (ГО), младински и социјални работници, учители и образовни професионалци, полициски службеници, како и експерти за медиуми и комуникација, кои разговараа за предизвиците и научените лекции во врска со разбирањето и решавањето на радикализацијата преку интернет. Состанокот се фокусираше на разбирање на екстремистичките наративи, чинители, канали на ширење и ранливи групи на интернет, и на тоа како практичарите можат да работат против радикализацијата преку интернет со дигитална но и со офлајн работа на С/СНЕ. Некои од клучните согледувања од состанокот се наведени подолу.

- **Екстремистичките идеологии не се ограничени со влијание на нивото на една држава.** Напротив, екстремистичката пропаганда на интернет на ЗБ се повикува на регионални и (понекогаш) меѓународни наративи. Понатаму, тие ги експлоатираат регионалните врски засновани на одредена омраза, заговор или екстремистички, јазичен или етнички идентитет кој се проширил низ регионот. Освен тоа, пристапите за С/СНЕ на интернет се сè уште во зародиш во регионот и главно се фокусираат на кампањи на алтернативни наративи.
- **ЗБ е исклучително ранлив на ширењето теории на заговор, дезинформации и лажни вести**, поврзани со COVID-19 пандемијата и неодамнешната руска инвазија на Украина. Расте стравот дека регрутацијата преку интернет на десничарските екстремисти може да резултира со странски борци кои ќе се придружат на руската инвазија на Украина.

([1]) Дукиќ, С. (2021). *Екстремизмот на интернет во Северна Македонија - Политика, етничка припадност и религија.* Мрежа на силни градови, Институт за стратешки дијалог

- **Регионот на ЗБ е сè уште засегнат од последиците од неодамнешни конфликти.** Наративите на омраза кои ги шират екстремистичките групи на интернет ги поткрепуваат етничките разлики и придонесуваат на меѓуетничката поларизација. Тие ги зајакнуваат општествените поделби по економска и политичка линија. Понатаму, политичките нестабилности и тековната поларизација се делумно наследство од претходни конфликти. Како резултат на недоволни мерки за справување со минатото и постигнување помирување, интернет просторите станаа театар на битка за овие тековни конфликти.

- **Постои растечка закана за безбедноста со подемот на етнонационалнистичкиот и десничарскиот екстремизам**, како и реципрочната радикализација предизвикана од поларизација, историски ревизионизам и политички наративи. Екстремистичките средини еволуираат и мора да се обрне зголемено внимание кон распознавањето на многуте екстремистички наративи кои ги негуваат меѓуетничките непријателства, омразата и насилството.

- Со изобилство од **странски веб-страници** кои шират информации на локалните јазици и значајно зголемување на своето присуство на интернет на ЗБ, **меѓународните екстремистички влијателни лица** — исламистички како и десничарски — од надвор од регионот го користат интернетот за да допрат до тамошните публики. Ширум средината на интернет исто така на глобално ниво се претставуваат екстремистички наративи кои се уникатни за регионот и експлоатираат историски несогласувања.

- **Родот** е важен дел од екстремистичките наративи. Екстремистите ги злоупотребуваат „традиционалноста" и „семејството" во просторите на интернет не само за — помалку или повеќе — омразувачка стигматизација и угнетување, туку и за регрутација на мажи и жени.

Овој труд ги претставува главните моменти од дискусијата одржана преку интернет за време на состанокот и релевантните препораки за успешни иницијативи за С/СНЕ на интернет.

# Главни моменти од дискусијата

Целта на работилницата беше да придонесе кон подобро разбирање на клучните развивања и трендови во радикализацијата преку интернет и на нејзините импликации за работата за С/СНЕ кај практичарите. Работилницата се фокусираше на наративите, стратегиите за регрутирање и разликите во процесот на радикализација во врска со различни идеологии (насилен десничарски екстремизам и насилен исламистички екстремизам) и целни групи.

## Улогата на историјата и геополитичкиот контекст на екстремизмот на интернет на Западен Балкан

Интернет екстремизмот на ЗБ е силно поврзан со особената демографија и историја на регионот. Екстремистичките идеологии не се ограничени со влијание на нивото на една држава. Наместо ова, испраќањето интернет пораки на екстремистите од ЗБ зависи од и ги експлоатира регионалните етнонационалистички митови и демографија. Екстремистичките идеологии кои преовладуваат на ЗБ имаат незанемарливи следбеници на интернет кои се ограничени со политичките, лингвистичките и етничките граници. Ваквите регионализирани екстремистички наративи се нераздвојно поврзани со историјата на насилство и непрекинат меѓуетнички конфликт во регионот. Понатаму, овие наративи се експлоатираат и интернационално, како во примерот на Брентон Тарант кој изврши терористички напад на муслимански храмови во Крајстчрч, Нов Зеланд. Додека го снимал својот напад во живо, српска националистичка песна со корени во југословенските војни и која реферира и одговара на историскиот колонијализам на Балканот свирела во позадина. Песната, чиј оригинален наслов е „[Радован] Караџиќ [осуден злосторник], води ги твоите Срби", или под другите наслови „Силна Србија" или „Отстрани ќебап", сега е станата химна и на меѓународните десничарски екстремистички групи. Десничарските екстремисти во интернет-просторите се имаат приспоено кон идејата дека Балканот е простор на *Antemurale Christianitatis* (регионот кој ги брани границите на христијанството). Кај интернационализацијата на десничарскиот екстремизам не се работи примарно за физичка интеракција, односно таа се случува на интернет, а ЗБ претставува инспирација за многу екстремисти.

Исто така постои експлицитно екстремистичка и омразувачка исламистичка содржина, која се шири преку разни групи. Исламистичките екстремистички наративи се исто така насочени кон ЗБ население. IslamHouse, истакната веб-страница која оперира од Заливот и хостира содржина од бројни исламски екстремистички свештени лица, хостира содржина и на западнобалканските јазици. На мејнстрим социјалните мрежи, поголем дел од интернет-содржината на ЗБ исламистичките групи и влијателни лица е ненасилна, но дури и кога екстремистичката идеологија не ги промовира директно тероризмот и насилството, таа може да создаде опасни поделби во општеството кои системски ги поткопуваат демократските вредности и институции. Ваквата реторика претставува особена закана кон децениите труд за да се постигне стабилен мир и родова еднаквост на ЗБ. Впрочем, овој посуптилен вид на радикализација е во положба да произведе значајни долгорочни општествени, политички и безбедносни предизвици.

## Експлоатацијата на пандемијата и на војната во Украина преку десничарски екстремистички чинители

Како и во други места низ светот, терористичките и насилните екстремистички групи успешно ги имаат експлоатирано слабите точки на социјалните мрежи на ЗБ за да ги манипулираат луѓето и да шират теории на заговор. Овие трендови беа додатно влошени од пандемијата на COVID-19 како и од руската инвазија на Украина. Дури и пред пандемијата, имаше нормализација на екстремистичкиот дискурс на ЗБ и ширење на екстремистички наративи на мејнстрим социјалните мрежи (на пр. „тролање" во коментарите под информативни медиумски содржини на Фејсбук, Јутуб, Твитер, Инстаграм, Тикток). Иако овие наративи се поприфатливи за младите, тие можеби станале уште попривлечни кога изби пандемијата на COVID-19. Тие се потенцијално поштетни бидејќи „бескрајниот" интернет простор е важен извор на информации и спознајно обликување на новите генерации. Доколку не се преземе ништо во однос на ефективна контрола на содржината, градење контранаративи и спречување на радикализацијата, ова може да биде значајна опасност за нестабилната архитектура на мирот на ЗБ.

Десничарските екстремистички групи на интернет користат глобални теми и експлоатираат регионални и локални проблеми за да регрутираат повеќе следбеници. Многу од овие глобални теми ги одразуваат чувствата на меѓународните десничарски групи и со тоа промовираат наративи на антиглобализација или го слават зајакнувањето на „популизмот" на Западот. На пример, теориите на заговор во врска со вакцините и пандемијата, антиродов/антифеминистички дискурс, антиимиграциска реторика и поддршка на руската инвазија на Украина се крупни појави во интернет содржината на десничарските групи на ЗБ ([2]). Овие теми се експлоатираат за да се продлабочат антиестаблишментските ставови, и во некои случаи да се издигне вреднувањето на следбениците на глобалната, наспроти националната „борба". Накратко, демократијата или стремежот кон демократски вредности се гледа под закана. Моменталната инвазија на Украина се прикажува како крајната битка за сопственишто на светскиот поредок - демократскиот глобализам против тоталитарниот (верски) национализам. Десничарските групи на интернет во текот на пандемијата и инвазијата на Украина многу брзо развија широко влијание. Некои од нив дури беа клучни за поставување на сцената за обликување на нова генерација на политичари на ЗБ. Сега постои ризик дека помлада генерација на конзервативни политичари на ЗБ ќе го следи дискурсот на антиглобализам и етнонационализам.

## Мејнстримирање на екстремистичките наративи преку социјалните медиуми и хуманитарната работа

„Климата" со која се одликува ЗБ е широко распространета социоекономска сиромаштија, елитистичка манипулација на колективните трауми за промовирање на „отуѓувањето" (т.е. обезчовечување/обезвреднување на другите групи) и дефетизам помеѓу граѓаните предизвикан од чувство на вечна општествена неправда. Во комбинација со општа недоверба кон институциите и владеењето на правото, тоа има создадено плодна почва за разни екстремистички групи да процутат на интернет. Искористувајќи ги структурните и финансиските слабости на државата и на локалните заедници, овие групи се претставуваат себеси како „хуманитарни". Оваа агенда се користи за да привлече голем број на членови,

---

([2]) Вељан, Н., & Чехајич Чампара, М. (2021). *Идеологии на родот: Како екстремистите ги експлоатираат битките за правата на жените и ја поттикнуваат реципрочната радикализација* Атлантска иницијатива. https://atlanticinitiative.org/gender-ideologies-how-extremists-exploit-battles-over-womens-rights-and-drive-reciprocal-radicalization/

особено млади луѓе, и за да ги нормализира нивните активности — настрана од хуманитарната работа — во локалните заедници и пошироко.

Десничарските групи го градат својот имиџ врз токсичната машкост и изгледот на „опасни момци" кои се гледаат себеси како предводници во време на поединечна или колективна катастрофа и ги експлоатираат ранливите точки на луѓе на кои им треба помош. Од другата страна, исламистичките групи на интернет го градат своето присуство врз микроменаџирање на секојдневните животи, вклучувајќи го начинот на живот, религијата, работата и брачните односи — така што секогаш ги ставаат жените во нивните традиционални улоги. Обете често нудат пакети со храна и хуманитарна помош на оние на кои им се потребни. Според тоа, дејствата на интернет на сите екстремистички групи кои се поврзани со физичко дејствување најдобро се објаснуваат како: „од „народот" за „народот"". Емпатијата која ја прикажуваат е поттикната од интерес, но е исто така и ограничена на членовите на групата. Тие се обиделе да се прикажат себеси како легитимни културни или образовни здруженија или организации на заедницата и ги употребуваат објавите на социјалните мрежи во врска со нивната „хуманитарна работа" или верски национални активности (на пр. заштита на членовите на групата, на верските храмови итн.) за да привлечат следбеници во интернет просторите.

Екстремистичките групи имаат потенцијал да се приспособат на разни ситуации за да привлечат повеќе следбеници и да промовираат агенда која може да води до радикализација во интернет просторите. Исто така, исламистичките групи почнаа да користат јазик кој не повикува на насилство — така што нивната содржина најчесто не се гледа како закана за безбедноста. Сепак, тие сè уште претставуваат ризик бидејќи коментираат за распространетите општествени и политички проблеми од ригидно конзервативно гледиште и тоа бара додатна обука на засегнатите страни за препознавање на променливото лице на ненасилните екстремистички наративи. Етничките и родовите малцинства се многу често напаѓани и екстремистичкото влијание на интернет преку обезчовечување — „Отуѓување" — создава средина каде што употребата на насилство станува прифатлива. Контранаративите се маргинални или непостоечки и обично имаат слаб досег кој не ги таргетира особено поединците кои се на ризик од радикализација туку главно општата јавност.

## Важноста на образованието и медиумската писменост за создавање на отпорност

ЗБ е сериозно ранлив на дезинформации, кои влијаат врз радикализацијата, заради ниските стапки на медиумска писменост. Индексот на медиумска писменост за 2021 на Институтот за отворено општество - Софија ги смести земјите од ЗБ на дното на ранг-листата и изјави дека ниските капацитети за справување со дезинформации се предизвикани од „слаби перформанси во областа на медиумската слобода и образованието" (3). Еден дел од проблемот е значителниот број на медиумски канали кои немаат транспарентност во однос на информациите за сопственишство. Поголем дел од лажните или заблудувачките медиумски содржини се од политичка природа и служат за помагање на радикализацијата. Кампањите со дезинформација често се во пуштаат во оптег регионално и реципроцно, потпалувајќи го национализмот и поларизацијата меѓу соседните земји. Медиумската писменост е на критично ниско ниво за сите генерации низ ЗБ. Во срцта на ранливоста на радикализација преку интернет се недостатокот на критичка проценка на содржините на интернет и невозможноста на критичко размислување за идентитетот, религијата, родот, историјата и политиката во интернет просторите (4). Родителите и школските програми не можат да држат чекор со трендовите на интернет ниту нивното влијание врз спознајниот, емотивниот и бихевиоралниот развој на младите. Трансгенерациските ефекти главно биле потценети и тоа особено во врска со развојното влијание на интернетот врз младите (5).

Еден од најразорните исходи од неодамнешните конфликти во ЗБ е институционализацијата на етничките поделби во образовниот систем. Пост-конфликтната и пост-тоталитарната средина на помладите генерации на ЗБ значи дека тие растат во етничка изолација, со преовладувачки колективни трауми, и искусуваат состојба на „екстремизам како нормала" во секојдневниот живот, особено во просторите на интернет. Тоа ги

(3) Индексот на медиумска писменост е изработен од Иницијативата за европски политики на Институтот за отворено општество - Софија. Види: https://osis.bg/?p=3750&lang=en
(4) Види, на пример: Халиловиќ, М., Зуковиќ, А., & Велјан, Н. (2019) *Мапирање на екстремизмот на интернет во Босна и Херцеговина: Согледувања и размислувања.* Атлантска иницијатива.
(5) Буљубашиќ, М., и Хола Б. (2021). Историска траума и радикализација: Како може меѓугенерациското пренесување на колективната траума да придонесе кон (групна) радикализација? Атлантска иницијатива. Види: https://atlanticinitiative.org/wp-content/uploads/2021/10/Policy-Paper-Br.-2-ENG.pdf

прави овие генерации поподложни на радикализација. Образовните системи ширум ЗБ продолжуваат да се одликуваат со застарени методи на настава и техники засновани на *ex cathedra* предавања кои во центар го ставаат предавачот и претпочитаат запаметување факти, што води до недостаток на критички и аналитички вештини. Неколку автори ги имаат посочено овие недостатоци на образовниот систем и нивниот придонес кон отуѓувањето и радикализацијата на младите, правејќи ги прифатливи и подложни на штетни пораки (на интернет) ([6]). Со оглед на порастот на време поминато на интернет кај младите за време на заклучувањата против COVID-19, не изненадува што погрешното информирање, теориите на заговор и дезинформациите на социјалните мрежи беа засилени во овој период.

# Препораки

Оваа работилница идентификуваше неколку јазови во практиката на практичарите на ЗБ во однос на спречувањето на радикализацијата преку интернет. Најпрво, фокусот на превенција е многу низок и повеќето активности се сведени на инстутиционални реакции (бркање по настани), а исто така е многу ниска и свеста на практичарите за (насилниот) десничарски екстремизам. Подолу се понудени неколку препораки кои беа дискутирани за време на состанокот.

1) **Регионална и меѓународна соработка и комуникација**

Радикализацијата преку интернет не е закана која може едноставно да се решава на национално ниво од страна на државите — нејзината транснационална природа ја истакнува потребата за поширока стратегија која ќе ги вклучи и ЕУ и ЗБ. Постои потреба за создавање регионални и меѓународни рамки и зајакнување на соработката помеѓу практичарите, експертите, институциите и создавачите на политики за да се намали јазот помеѓу активностите за С/СНЕ на интернет на ЕУ и на ЗБ.

2) **„Пристап на целосно општество“ и национална соработка помеѓу владините институции и ГО**

Стратегиите за С/СНЕ и антитероризам мора да ја препознаат и вклучат заканата од радикализација преку интернет.. Посебните пристапи, доколку е возможно, регионално координирани, треба да се справат не само со говорот на омраза туку и со негирањето на злосторства, историскиот ревизионизам, екстремизмот, дезинформациите и лажните вести.

Интернет светот постојано еволуира и треба да има специјализирана работилница насочена кон засегнатите страни за го поттикне преземањето соодветни и навремени мерки и да постави стратешки цели во врска со радикализацијата преку интернет. Ова исто така ја вклучува потребата создавачите на политики, експертите и практичарите да соработуваат и да најдат простор за отворена дискусија и да осмислат разни пристапи, засновани на претходните практики надвор од ЗБ, и да измислат нови практики кои ќе се приспособат на западно-балканскиот контекст.

3) **Пренесување и проширување на меѓуверскиот дијалог и соработка во сферата на интернетот**

Активностите за С/СНЕ треба да го вклучуваат или да бидат поврзани со меѓуверскиот дијалог. Градењето доверба помеѓу верските заедници мора да биде пристапно за разните општествени категории ширум ЗБ. Умерените верски гласови треба да бидат засилени и лесно пристапни за младите на разни платформи на социјалните мрежи. Да се организираат предавања и да им се даде можност на учесниците за време на истите да прашуваат прашања за да се поттикне разговорот и размислувањето.

4) **Родово мејнстримирање на активностите за С/СНЕ на и надвор од интернетот**

---

([6]) Пери, В. (2015). *Спротивставување на култивирањето екстремизам во Босна и Херцеговина: Случајот за сеопфатна реформа на образованието.* Совет за демократизација на политики (СДП). Види: https://www.academia.edu/15969761/Countering_the_Cultivation_of_Extremism_in_Bosnia_and_Herzegovina_The_Case_for_Comprehensive_Education_Reform

Екстремистичкото дигитално присуство на интернет има изразени родови аспекти, во кои мажите и жените учествуваат на различни начини. Важно е да се добие подлабоко разбирање на идеите за род, машкост и женскост и како истите се користат и инструментализираат во повиците за терористичко насилство.

Потребна е соработка помеѓу ГО и институциите на власта за да се развијат насоки за родот и насилниот екстремизам за широк опсег засегнати страни. Насоките би можеле да се осврнат на насилството против жените, движењата против родова еднаквост, и радикализацијата преку интернет онаму каде што се пресекуваат мизогинијата и насилниот екстремизам.

### 5) Градењето на капацитет кај практичарите

Постои недостаток на експертиза, на стратешки пристапи кон справувањето со интернет радикализацијата и на координација, како и недоволна соработка помеѓу засегнатите страни. Потребно е да се обезбеди градење капацитети за екстремистичките закани на интернет за практичарите. Социјалните работници, просветителите, безбедносниот кадар, итн., особено оние кои работат со ранливи групи, треба да бидат способни да ги препознаат и да се справат со показателите на екстремизам и да ги обучуваат колегите.

Учителите и младинските работници треба да имаат барем основно знаење за релевантните платформи и наративи и за тоа како социјалните мрежи и лажните вести влијаат врз радикализацијата на интернет. Експертите за социјални мрежи и насилен екстремизам би можеле да спроведат работилница за да дадат информации за клучните аспекти.

## Релевантни практики

1. Организацијата Зошто да не (Why not) (БиХ) е одличен пример за спротивставување на екстремистичките, етнонационалистички наративи преку проверување факти. Преку проверувањето на фактите тие ги разоткриваат теориите на заговор, историскиот ревизионизам, дезинформацијата и лажните вести, со тоа поттикнувајќи отчетност низ ЗБ.

2. Иницијативата Граѓани против тероризам Босна и Херцеговина (Citizens Against Terrorism Bosnia and Herzegovina (CAT BiH)) е првата младинска група во БиХ која ги прифати популарните интернет формати како што се мемињата, влоговите и подкастите и ги користи за иницијативите за С/СНЕ. Освен образованието и програмите за млади, поголем дел од нивниот ангажман на интернет се фокусира на реакции кон екстремистичките чинови и наративи. Овој проект го спроведува Младинскиот центар за ресурси во Тузла.

3. #НеЕКакоШтоИзгледа (#NijetoBasTako) е кампања на иницијативата Резонантни гласови (Resonant Voices Initiative) (SR). Во оваа кампања беа споделени личните искуства на мигрантите од дијаспората на ЗБ и како истите можат да се поврзат со искуствата на оние кои штотуку стасале во Европа. Иницијативата досега: (1) има развиено и ангажирано корисници на интернет; (2) има понудено алтернативни наративи; и (3) се обраќа на дефинирана целна група која се смета за ранлива на радикализација преку интернет.

4. Единицата за упатување на интернет (ЕУИ) на Европол работи на разни активности за решавање на ширењето на терористичка содржина на интернет. ЕУИ работи на: (1) стратешки анализи; (2) следење на терористичка пропаганда на интернет; (3) изработка на извештаи за земјите членки и за трети страни; (4) ситуациски извештаи (на пр. за експлоатацијата на жени и деца); и (5) Извештајот на ЕУ за состојби и трендови во тероризмот. Додатно, тие имаат развиено механизам за упатување со цел да се отстрани интернет-содржината поврзана со насилен екстремизам и тероризам.

## Понатамошни активности

Во однос на препораките погоре, треба да се организираат понатамошни состаноци за да се разговара за механизмите за С/СНЕ на интернет за регионална соработка на експертите, практичарите и создавачите на политики на ЗБ. Секој следен состанок треба да вклучи фокус на ненасилниот екстремизам на интернет и десничарските влијанија на интернет.

## Дополнителни текстови

Azinović, V. (2018). *Regional report: Understanding violent extremism in the Western Balkans.* British Council Extremism Research Forum. https://www.britishcouncil.me/sites/default/files/erf_report_western_balkans_2018.pdf

Dukić, S. (2021). *Online extremism in North Macedonia – Politics, ethnicities and religion.* Strong Cities Network, Institute for Strategic Dialogue. https://www.isdglobal.org/isd-publications/online-extremism-in-north-macedonia-politics-ethnicities-and-religion/

Halilović, M., Zuković, A., & Veljan, N. (2019). *Mapping online extremism in Bosnia and Herzegovina: Findings & reflections.* Atlantic Initiative. https://atlantskainicijativa.org/wp-content/uploads/mapping-online-extremism-in-Bosnia-and-Herzegovina-findings-and-reflections-atlantic-initiative-atlantska-inicijativ.pdf

RAN LOCAL. (2021). *An online P/CVE approach for local authorities: Challenges, tips & tricks*. Online meeting, 27-28 May. https://home-affairs.ec.europa.eu/networks/radicalisation-awareness-network-ran/publications/ran-local-online-pcve-approach-local-authorities-challenges-tips-tricks-online-meeting-27-28-may_en

Scheuble, S., & Oezmen, F. (2022). *Extremists' targeting of young women on social media and lessons for P/CVE*. Radicalisation Awareness Network. https://home-affairs.ec.europa.eu/whats-new/publications/extremists-targeting-young-women-social-media-and-lessons-pcve-february-2022_en


Врз основа на документ што го подготви **Нејра Вељан**
по консултација со Фена Кантерс и Росица Цекова (Персонал на РАН).